**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT**
**KËSHILLI I PROKURORËVE PUBLIK I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

**Бр. 02-40/7**
**Скопје, 31.01.2023 година**

Записник од седумдесет и трета седница на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија одржана на 31.01.2023 година.

Присутни:
г-дин Антонио Јолевски -Претседател на Советот
г-дин Арбер Исаку – Заменик претседател
г-дин Влатко Георгиевски член
г-ѓа Јасна Жежова член
г-дин Љубомир Јовески член
г-Иџет Мемети член
г-ѓа Фиданка Рајевска член
г.Коле Штерјев член

Претседателот на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија, г-дин Антонио Јолевски констатираше дека на седницата се присутни мнозинството членови на Советот, со што се исполнети условите за одржување на седумдесет и трета седница на Советот.

Претседателот на Советот го предложи следениот дневен ред:

1. Усвојување на записникот од 72 (седумдесет и втората) седница на Советот.
2. Донесување на Одлука за именување на вршител на должност Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Гостивар.
3. Донесување на одлука и решение за мирување на работен однос во Основното јавно обвинителство Гостивар, за јавниот обвинител Душица Димитриеска, поради избор за член на Советот на јавните обвинители на РСМ.
4. Разно

Претседателот на Советот г-дин Антонио Јолевски ја отвори 73-та седница на Советот и воедно го предложи дневниот ред. Вака предложениот дневен ред едногласно беше усвоен од страна на членовите на Советот.

Под точка еден од дневниот ред едногласно беше усвоен записникот од 72 (седумдесет и втората) седница на Советот.

Под точка два од дневниот ред Претседателот на Советот г-дин Антонио Јолевски истакна дека поради изборот на јавниот обвинител на Основното јавно обвинителство Гостивар, г-ѓа Душица Димитриеска за член на Советот на јавните обвинители на РСМ, шефовското место е испразнето и дека Советот треба да донесе одлука за именување на вршител на должноста Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Гостивар, за време не подолго од шест месеци до избор на Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Гостивар, и тоа од редот на јавните обвинители во ОЈО Гостивар. Воедно напомена дека само еден јавен обвинител не ги исполнува условите поради немање на доволно години стаж како јавен обвинител, по што отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред.

Збор зема Заменик претседателот на Советот г-дин Арбер Исаку, кој како координатор за ова подрачје кажа дека состојбите во ова јавно обвинителство се добро познати на членовите на Советот, по што за сите јавни обвинители даде свое мислење и видувања за нивната работа и ажурност при постапувањата по предметите. Откако даде свои видувања за јавните обвинители во ОЈО Гостивар, предложи функцијата вршител на должност ОЈО на ОЈО Гостивар да ја извршува јавниот обвинител Елизабета Јосифоска, за која смета дека успешно ќе ја извршува таа функција и ќе раководи со ова јавно обвинителство до изборот на ОЈО на ОЈО Гостивар.

Јавниот обвинител на РСМ г-дин Љубомир Јовески истакна дека со оглед на состојбите во ова јавно обвинителство нема голем избор во делот на јавните обвинители, а за вршител на должноста ОЈО на ОЈО Гостивар го предлага досегашниот заменик ОЈО на ОЈО Гостивар, и предложи во најскоро време Советот да донесе одлука за распишување на оглас за избор на ОЈО на ОЈО Гостивар. Воедно кажа дека има информација дека јавниот обвинител Елизабета Јосифоска не сака да ја извршува таа функција.

Г-дин Иџет Мемети истакна дека ги почитува и двата предлога. Но со оглед на тоа дека се работи за раководна позиција, сепак смета дека би било коректно да се контактираат предложените кандидати да дададат согласност, поточно дали се согласуваат.

Г-ѓа Фиданка Рајевска кажа дека не гледа причина зошто јавниот обвинител Елизабета Јосифоска не би сакала да ја извршува оваа функција и воедно предложи Советот да ја повика на разговор и консултација и истата да даде аргументи зошто не би сакала да ја извршува таа функција. Воедно смета дека заменик претседателот на Советот г-дин Арбер Исаку дал доста солидни аргументи за причините што ја предлага Елизабета Јосифоска за вршител на должност ОЈО на ОЈО Гостивар, и поради кои причини смета дека останатите јавни обвинители во ОЈО Гостивар не треба да ја извршуваат оваа функција. Воедно кажа дека согласно законот не се бара согласност од страна на јавен обвинител за да извршува функција вршител на должност.

Г-дин Коле Штерјев кажа дека не е битно дали јавниот обвинител Елизабета Јосифоска се согласува или не, за да биде именувана за вршител на должност ОЈО на ОЈО Гостивар. Смета дека оваа точка од дневниот ред треба да се стави на гласање или пак истата да се одложи за наредна седница на Советот.

Јавниот обвинител на РСМ г-дин Љубомир Јовески, предложи Советот да разговара со јавниот обвинител Елизабета Јосифоска, а потоа да се донесе конечна одлука.

Претседателот на Советот г-дин Антонио Јолевски предложи за вршител на должноста ОЈО на ОЈО Гостивар биде именуван првиот заменик, а тоа е јавниот обвинител Ахмед Ахмеди.

Заменик претседателот на Советот г-дин Арбер Исаку смета дека не е добро да се стави јавен обвинител за вршител на должност кој има голем број на заостанати предмети.

Претседателот на Советот г-дин Антонио Јолевски даде десет минутна пауза за да се извршат консултации со јавниот обвинител Елизабета Јосифоска, но, пред дадената пауза се разгледа точката три од дневниот ред, каде што претседателот на Советот г-дин Антонио Јолевски истакна дека поради изборот на јавниот обвинител на ОЈО

Гостивар г-ѓа  Душица Димитриеска за член на Советот на јавните обвинители на РСМ, Советот треба да донесе одлука и решение за мирување на работниот однос како јавен обвинител во ОЈО Гостивар, додека ја извршува функцијата член на Советот на јавните обвинители на РСМ. Претдлогот на Претседателот на Советот г-дин Антонио Јолевски едногласно беше прифатен од страна на членовите на Советот.

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија донесе одлука и решение со кое на јавниот обвинител Душица Димитриеска и мирува функцијата јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Гостивар, поради изборот за член на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија почнувајќи од 01.02.2023 година.**

По завршената пауза Претседателот на Советот г-дин Антонио Јолевски  кажа дека јавниот обвинител Елизабета Јосифоска била вратена во ОЈО ГОКК по барање на јавниот обвинител на ОЈО ГОКК г-дин Ислам Абази, поради водење на предмети и довршување на истите. Воедно истакна дека дала согласност  Советот да одлучи дали ќе биде ставена за вршител на должност ОЈО на ОЈО Гостивар.

Заменик претседателот на Советот г-дин Арбер Исаку не го повлече предлогот и остана на ставот јавниот обвинител Елизабета Јосифоска биде  назначена за вршител на должноста ОЈО на ОЈО Гостивар. Воедно предложи доколку не може денес да се назначи вршител на должноста ОЈО на ОЈО Гостивар, оваа точка од дневниот ред биде одложена.

Г-ѓа Јасна Жежова истакна дека била координатор за ова подрачје се согласува со оценката што ја дал заменик претседателот на Советот г-дин Арбер Исаку, но доколку јавниот обвинител Елизабета Јосифоска неможе да ја извршува оваа функција од причина што работи предмети во ОЈО ГОКК, тогаш да се оди со досегашниот прв заменик.

Под точка разно од дневниот ред Претседателот на Советот г-дин Антонио Јолевски ги запозна членовите на Советот со содржината на дописот доставен од јавен обвинител во ОЈО Скопје, барање за меѓуинституционална соработка во врска со кривичен предмет КО бр.929/22.

Став на членовите на Советот беше да се даде одговор и да се укаже дека бараните податоци не би помогнале во решавањето на кривичната пријава и јавниот обвинител да постапи согласно законски прибавените докази.

Под истата точка од дневниот ред г-дин Иџет Мемети ги запозна членовите на Советот за содржината при подготвувањето на Годишниот извештај на Советот за 2022 година.

Откако никој не зема збор по оваа точка, заеднички став на членовите на Советот беше седницата да продолжи на ден 02.02.2023 година, под точката два од дневниот ред.

**На ден 02.02.2023 година(четврток) во почетотк во 10:30 часот продолжи седумдесет и третата седница по точката два од дневниот ред.**

Присутни:
г-дин Антонио Јолевски -Претседател на Советот
г-дин Влатко Георгиевски член
г-ѓа Душица Димитриеска член
г-ѓа Јасна Жежова член
г-дин Љубомир Јовески член
г-Иџет Мемети член
г-ѓа Фиданка Рајевска член

Претседателот на Советот г-дин Антонио Јолевски ја продолжи седницата под точката два од дневниот ред, Донесување на одлука за именување на вршител на должност Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Гостивар. Воедно истакна дека веќе биле дадени два предлози, и праша дали има уште некој нов предлогог по што отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред.

Г-дин Иџет Мемети смета дека поради тоа што јавниот обвинител Елизабета Јосифоска е ангажирана во ОЈО ГОКК и работи на сложени предмети, најдобро решение во моментот е за вршител на должност Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Гостивар, да биде назначен јавниот обвинител во ОЈО Гостивар г-дин Џелал Хусмани, кој според годишниот распоред на ОЈО Гостивар е определен за прв заменик јавен обвинител на ОЈО Гостивар.

Јавниот обвинител на РСМ г-дин Љубомир Јовевски се сложи со предлогот на г-дин Иџет Мемети и воедно кажа дека разговарал и со досегашниот шеф на ОЈО Гостивар г-ѓа Душица Димитриеска, која дала позитивно мислење за јавниот обвинител Џелал Хусмани, дека би можел да ја извршува оваа функција до изборот на Основен јавен обвинител на ОЈО Гостивар. Воедно се осврна  на времените упатувања на јавните обвинители во други јавни обвинителства, како што кажа тоа се прави поради недостаток на јавнообвинителски кадар во поедини јавни обвинителства. Потенцираше дека ОЈО Скопје е скоро комплетирано како со јавнообвинителски кадар, така и со стручни соработници.

Откако никој не зема збор Претседателот на Советот  г-дин Антонио Јолевски го стави на гласање предлогот, јавниот обвинител во ОЈО Гостивар, г-дин Џелал Хусмани биде назначен за вршител на должноста Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Гостивар до изборот на Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Гостивар, за време не подолго од шест месеци до избор на Основен јавен обвинител на ОЈО Гостивар.

Членовите на Советот едногласно одлучија јавниот обвинител во ОЈО Гостивар, г-дин Џелал Хусмани биде назначен за вршител на должноста Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Гостивар до изборот на Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Гостивар, за време не подолго од шест месеци до избор на Основен јавен обвинител на ОЈО Гостивар. Воедно беше констатирано  на една од наредните седници, Советот донесе одлука за распишување на оглас за избор на Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Гостивар.

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија донесе одлука за назначување на вршител на должноста Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Гостивар до изборот на Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Гостивар, за време не подолго од шест месеци и за вршител на должноста го назначи Џелал Хусмани – јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Гостивар**

Откако никој не зема збор Претседателот на Советот ја заклучи седумдесет и третата седница на Советот.

Записникот го водел:
Аспарух Мисајловски
Генерален секретар

**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Антонио Јолевски**